РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

До Државната комисија за спречување на корупцијата е доставено барање за мислење во врска со тоа дали постои судир на интереси, поради истовремено извршување на две јавни функции, и тоа: претседател на Надзорниот одбор на ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје и член на Управниот одбор на ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно со член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/2019) и член 41 –б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година и бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година, го издава следното

## М И С Л Е Њ Е

Со членот 44 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси е пропишана забраната за вршење на други дејности од страна на избраните и именуваните лица, со цел спречување на корупцијата во вршењето на јавните овластувања.

Имено, согласно со член 44 став (1) и (4) од истиот Закон:
„(1) Избрано или именувано лице за време на траењето на неговиот мандат е должно да ги почитува правилата за неспоивост на функција која ја врши со други функции или дејности утврдени во Уставот и законите.
(4) Избрано или именувано лице не може истовремено да врши функција на одговорно лице или член на орган на управување или надзорен орган во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице кое располага со државен капитал."

Адреса: „Пресвета Богородица" бр.3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Во отсуство на акти во прилог на барањето за именување/назначување за вршење на функциите претседател на Надзорен одбор на ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје и член на Управен одбор на ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје, Државната комисија изврши увид во тековната состојба на Друштвото за туризам, угостителство, рекреација и спорт ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје и во тековната состојба на Друштвото за снабдување со топлинска енергија ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје преку Централниот регистар на РСМ, по што утврди дека истите се во сопственишто на АД за производство на електрична енергија ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, во државна сопственост, Скопје и имаат државен капитал.

Согласно констатираната состојба, Државната комисија укажува дека не може во исто време да се врши функција претседател на Надзорен одбор на ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје и член на Управниот одбор на ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје, односно двете функции се неспојливи една со друга, поради што е потребно лицето да се откаже од вршењето на една од двете наведени функции.

Согласно член 105 став 1 алинеја 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси предвидена е глоба во износ од 300 до 500 евра во денарска противвредност што ќе се изрече на службено лице во јавно претпријатие или друго правно лице што располага со државен капитал доколку спротивно на членот 44 врши некоја друга функција, должност или дејност што е неспојлива со неговата функција.

**Претседател**

**Татјана Димитровска**